Република Македонија

# ОПШТИНА ДЕМИР ХИСАР

# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК

Службен гласник на општината Демир Хисар, излегува по потреба. Цена: 50,оо мкд. Годишна претплата: 500,оо мкд
е - mail: opstinademirhisar@yahoo.com; www.demirhisar@gov.mk; тел/факс: (+389) 47 -552-661

**Бр. 11**

**02.10.2020**

Демир Хисар

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр. 5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на општина Демир Хисар /,,Службен гласник на општина Демир Хисар,, бр. 3/02; 4/05, 7/09, 16/13, 18/14 и 10/19 година/, донесувам

**ЗАКЛУЧОК**
**за објавување на Одлуката за усвојување на Елаборатот за процена и утврдување на висината на штетата настаната од елементарна непогода -град**

1.Ја објавувам Одлуката за утврдување на Елаборатот за процена и утврдување на висината на штетата настаната од елементарна непогода-град што ја зафати општина Демир Хисар во атарот на селата Сопотница, Прибилци и Ракитница во август 2020 година, донесена на 42-рата седница на Совет на Општина Демир Хисар одржана на 30.09.2020 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

Бр.08- 913/1 Општина Демир Хисар
02.10.2020 година Градоначалник
Демир Хисар Марјанче Стојановски с.р.

Врз основа на член 143 став 1 од Законот за заштита и спасување („Службен весник на РМ“ бр.93/2012, 41/2014, 71/2016 и 106/2016), Одлуката за донесување на единствената методологија за проценка на штетите од елементарни непогоди („Службен весник на РМ“ бр.75/01), Уредбата за начинот на работа на комисиите за процена и утврдување на висината на штети настанати од природни непогоди и други несреќи (“Службен весник на Република Македонија“ бр. 98/2005, 152/2010, 90/2015 и 194/2019) и член 15 точка 10 од Статутот на Општина Демир Хисар („Службен гласник на Општина Демир Хисар“ бр. 03/02, 4/05, 7/09, 16/13, 18/14 и 10/19), Советот на Општина Демир Хисар на својата редовна седница одржана на ден 30.09.2020 година, донесе:

**ОДЛУКА**
**За усвојување на Елаборатот за процена и утврдување на висина на штетата настаната од природна непогода –град**

Член 1

Се усвојува Елаборатот за процена и утврдување на висина на штета настаната од природна непогода –град, што ја зафати општина Демир Хисар во атарот на селата Сопотница, Прибилци и Ракитница во август 2020 година.

Составен дел на оваа Одлука е Елаборатот од Комисијата за проценка на штети од елементарни непогоди на општина Демир Хисар.

Елаборатот се доставува до Влада на Република Северна Македонија, односно до Комисијата за процена и утврдување на висината на штети од елементарни непогоди, на понатамошна постапка.

Член 2

Одлуката влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Демир Хисар“.

Бр. 17-868/4 Совет на Општина Демир Хисар
30.09.2020 година Претседател,
Демир Хисар Благоја Станојоски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр. 5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на општина Демир Хисар /,,Службен гласник на општина Демир Хисар,, бр. 3/02; 4/05, 7/09, 16/13, 18/14 и 10/19 година/, донесувам

**ЗАКЛУЧОК**
**за објавување на Согласноста за делење на комбинирана паралелка во одделенска настава од четврто и петто одделение и формирање на две чисти паралелки најмногу со 10 ученици**

1.Ја објавувам Согласноста за делење на комбинирана паралелка во одделенска настава од четврто и петто одделение и формирање на две чисти паралелки најмногу со 10 ученици, донесена на 42-рата седница на Совет на Општина Демир Хисар одржана на 30.09.2020 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

Бр.08- 913/2 Општина Демир Хисар
02.10.2020 година Градоначалник
Демир Хисар Марјанче Стојановски с.р.

Врз основа на член 53 став 8, став 9 и став 10 од Законот за основно образование (,,Сл. весник на РСМ,, бр. 161/2019 година ) и согласно член 43 точка 20 од Статутот на општина Демир Хисар (Сл. гласник на општина Демир Хисар бр.3/02, 4/05, 7/09,16/13,18/14 год.) Советот на општина Демир Хисар дава

**С О Г Л А С Н О С Т**
**за делење на комбинирана паралелка во одделенска настава од четврто и петто одделение и формирање на 2 (две) чисти паралеки најмногу со 10 ученици.**

1.На **ООУ,,Браќа Миладиновци,,Жван ПУ с.Сопотница** му се дава согласност за делење на комбинирана паралелка од четврто и петто одделение на 2 (две ) чисти паралелки најмногу со 10 ученици **за учебна 2020/2021 година.**

2.Делењето на комбинираната паралелка од четврто и петто одделение на две чисти паралелки од 5 и 8 ученици не претставува ново финансирање,односно вработување на нов одделенски наставник.

3.Се работи за старо финансирање, продолжување на работниот однос на одделенскиот наставник вработен во ПУ с.Вирово на неопределено работно време со полно работно време во ПУ с.Сопотница бидејќи подрачното училиште во с.Вирово заради отпишивање на ученици престанува привремено со работа.

**О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е**

Врз основа на доставеното барање од ООУ,,Браќа Миладиновци,, с.Жван број 02- 144/1/2 од 31.08. 2020 година до Советот на општина Демир Хисар, согласно член 53 став 8, став 9 и став 10 од Законот за основно образование (,,Сл. весник на РСМ,, бр. 161/2019 година ) се одлучи да се даде горенаведената согласност за делење на комбинираната паралелка од четврто и петто одделение во ПУ с.Сопотница и формирање на две чисти паралелки со помал број на ученици од 10.

Бр. 17-868/5 Совет на Општина Демир Хисар
30.09.2020 година Претседател,
Демир Хисар Благоја Станојоски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр. 5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на општина Демир Хисар /,,Службен гласник на општина Демир Хисар,, бр. 3/02, 4/05, 7/09, 16/13, 18/14 и 10/19 година/, донесувам

**ЗАКЛУЧОК**
**за објавување на Заклучокот за усвојување на Извештај за реализација на Оперативната програма за организирање и функционирање на зимската служба на подрачјето на општина Демир Хисар за 2019/2020**

1.Го објавувам Заклучокот за усвојување на Извештај за реализација на Оперативната програма за организирање и функционирање на зимската служба на подрачјето на општина Демир хисар за 2019/2020, донесен на 42$^{-рата}$ седница на Совет на Општина Демир Хисар одржана на 30.09.2020 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

Бр.08- 913/3 Општина Демир Хисар
02.10.2020 година Градоначалник
Демир Хисар Марјанче Стојановски с.р.

Врз основа на член 36 став 1 од Законот за локална самоуправа /„Службен весник на РМ“ бр. 5/02/ и член 43 став 1 од Статутот на Општина Демир Хисар /„Службен гласник на Општина Демир Хисар“бр.3/02, 4/05, 7/09, 16/13, 18/14 и 10/19/ Советот на Општина Демир Хисар на седницата одржана на 30.09.2020 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За усвојување на Извештај за реализација на Оперативната програма за организирање и функционирање на зимската служба на подрачјето на општина Демир Хисар за 2019/ 2020**

1.СЕ УСВОЈУВА Извештајот за реализација на Оперативната програма за организирање и функционирање на зимската служба на подрачјето на општина Демир Хисар за 2019/2020.
2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

Бр. 17-868/6 Совет на Општина Демир Хисар
30.09.2020 година Претседател,
Демир Хисар Благоја Станојоски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр. 5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на општина Демир Хисар /,,Службен гласник на општина Демир Хисар,, бр. 3/02, 4/05, 7/09, 16/13, 18/14 и 10/19 година/, донесувам

## ЗАКЛУЧОК
**за објавување на Оперативната програма за организирање и функционирање на зимската служба на подрачјето на општина Демир Хисар за 2020/2021**

1.Ја објавувам Оперативната програма за организирање и функционирање на зимската служба на подрачјето на општина Демир хисар за 2020/2021, донесен на 42-рата седница на Совет на Општина Демир Хисар одржана на 30.09.2020 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

Бр.08- 913/4 Општина Демир Хисар
02.10.2020 година Градоначалник
Демир Хисар Марјанче Стојановски с.р.

Врз основа на член 36, став 1 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/2002 год.), член 34 од Законот за јавни патишта („Службен весник на РМ“ бр. 84/2008 год), член 2 од Законот за јавна чистота („Службен весник на РМ“ бр. 111/2008 год) , како и член 43, став 1, точка 21 од Статутот на Општина Демир Хисар („Службен гласник на општина Демир Хисар“ бр. 3/2002 год), Советот на Општина Демир Хисар на седницата одржана на ден 30.09.2020 година донесе

## ОПЕРАТИВНА ПРОГРАМА
**За организирање и функционирање на Зимската служба на подрачјето на Општина Демир Хисар за сезона 2020/2021 година**

**Вовед**

Одржувањето на коловозните површини и нивното оспособување на нормален сообраќај во зимски услови претставува важна потреба на граѓаните и стопанството, бидејќи можни се нарушувања и прекин на нормалното одржување на сообраќајот во градот и останатите населени места, особено при изненадувањата од временските услови, а посебно важно е соодветно извршена подготовка на надлежните субјекти како и редовно следење на метеоролошките услови на интернет страниците со цел навремено почнување на активностите за чистење на снегот.

За целосно спроведување на Оперативната програма за организирање и функционирање на зимската служба на подрачјето на Општина Демир Хисар во сезоната 2019/2020 година покрај горенаведените подготовки треба да се обезбеди добра соработка со Секторот за сообраќај при МВР Демир Хисар и Секцијата на Македонија пат Битола со цел заеднички да се одговори на потребите во дадените услови.

Исто така, граѓаните и другите правни лица мора да го почитуваат комуналниот ред односно да ги чистат тротоарите и коловозите пред своите куќи односно деловни објекти, како и со своите возила да не го попречуваат движењето на сообраќајот, во овој случај движењето на специјалните возила за чистење снег. Само со меѓусебна координација и навремено извршување на своите задачи на сите гореспоменати субјекти ќе се постигне ефект во отстранувањето на снегот од тротоарите, а со тоа и нормално одвивање на сообраќајот во зимски услови.

**Цел на програмата**

Оперативната програма за организирање и функционирање на зимската служба на подрачјето на Општина Демир Хисар во сезоната 2020/2021 година има за цел да предвиди ефикасно организирање и функционирање на зимската служба на подрачјето на Општина Демир Хисар опфатено со основниот Урбанистички план како и на целата територија на Општина Демир Хисар и тоа преку одредување на обемот на работа и нивото на чистење на снегот и голомразиците од коловозните површини, дефинирање на работите и задолженија на носителите на реализација на програмата и дефинирање на обврските на сите учесници во реализација на програмата.

Тргнувајќи од основната цел на Оперативната програма за организирање и функционирање на зимската служба на подрачјето на Општина Демир Хисар во сезоната 2020/2021 година, физичкиот обем на работите е утврден согласно со приоритетот за оспособување на коловозите за функционирање на сообраќајот. Приоритет при чистењето на снегот им се дава на патиштата по кои се одвива превоз на ученици, додека одржувањето на меѓуградскиот сообраќај односно регионални патишта како и улиците кои се трансферзала на истите се обврска на Секцијата на Македонија пат Битола.

Чистењето на снегот и голомразицата се одвива по приоритет на улици утврден во групи според следниот преглед:

Приоритетни патишта од прв ред на подрачјето на Општина Демир Хисар прикажани се во следнава табела:

| Ред. Бр. | Патен правец | Должина во км | Забелешка |
|---|---|---|---|
| 1 | Врска рег. пат Р1305 - Смилево | 10 | |
| 2 | Врска рег. пат Р1305 – Стругово | 2,5 | |
| 3 | Врска Стругово - Загориче | 2 | |
| 4 | Врска рег. пат Р1305 – Вардино – крак Суводол | 1,5 | |
| 5 | Врска рег. пат Р1305 - Кутретино | 2 | |
| 6 | Врска рег. пат Р1305 - Слепче | 2 | |
| 7 | Врска рег. пат Р1305 - Вардино | 5 | |
| 8 | Врска рег. пат Р29371 - Слоештица | 4 | |
| 9 | Врска рег. пат Р29371 - Вирово | 3 | |
| 10 | Врска рег. пат Р1306 - Журче | 0,5 | |
| | **ВКУПНО:** | **32,5** | |

Приоритетни патишта од втор ред на подрачјето на Општина Демир Хисар прикажани се во следнава табела:

| Ред. Бр. | Патен правец | Должина во км | Забелешка |
|---|---|---|---|
| 1 | Врска рег. пат Р1305 - Зашле | 11 | |
| 2 | Врска рег. пат Р1305 – Мало Илино | 5 | |
| 3 | Врска рег. пат Р1305 - Кочишта | 12 | |
| 4 | Врска рег. пат Р1305 - Базерник | 5 | |
| 5 | Врска рег. пат Р29371 - Мренога | 1 | |
| 6 | Врска рег. пат Р2339 - Единаковци | 1 | |
| 7 | Врска рег. пат Р2339 - Света | 1 | |
| 8 | Врска рег. пат Р1305 - Жван | 1,5 | |
| 9 | Врска рег. пат Р1305 – Радово (крак Суво Грло) | 1 | |
| 10 | Врска рег. пат Р1305 - Велмевци | 1,5 | |
| 11 | Врска рег. пат Р1305 - Сопотница | 1 | |
| 12 | Врска рег. пат Р1305 - Железнец | 0,5 | |
| 13 | Врска рег. пат Р1306 - Сладуево | 0,5 | |
| 14 | Врска рег. пат Р2339 - Вардино | 1,5 | |
| 15 | Врска рег. пат Р2339 - Бараково | 0,5 | |
| 16 | Врска рег. пат Р1305 – Кочишта (крак Ракитница) | 1,5 | |
| 17 | Врска рег. пат Р1305 – | 0,5 | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | Кочишта (крак Прибилци) | | |
| 18 | Врска рег. пат Р1305 – Кочишта (крак Ново Село) | 0,5 | |
| 19 | Врска рег. пат Р1305 - Радово | 6 | |
| | **ВКУПНО:** | **52,5** | |

| **Ред. Бр.** | | **Должина во км** | **Забелешка** |
|---|---|---|---|
| 1 | Улици во градот Демир Хисар | **10** | |
| 2 | Улици по населени места каде има пристап со возило за чистење | **10,5** | |
| | Смилево | **0,70** | |
| | Стругово | **0,80** | |
| | Кутретино | **0,15** | |
| | Суводол | **1,40** | |
| | Слепче | **1,50** | |
| | Прибилци | **0,50** | |
| | Сопотница | **1,60** | |
| | Жван | **0,50** | |
| | Вардино | **0,70** | |
| | Единаковци | **0,70** | |
| | Света | **1,00** | |
| | Слоештица | **0,50** | |
| | Белче | **0,70** | |
| | Утово | **0,20** | |

| | | |
|---|---|---|
| **СЕ ВКУПНО:** | **105,95** | |

Чистењето на општинските патишта и улици ќе го врши ЈКП „Комуналец“ Демир Хисар или претпријатие кое ќе биде избрано преку јавен тендер согласно Законот за јавни набавки и со кое ќе биде склучен договор.

**Оперативен дел**

Во првата фаза при снежни врнежи, најпрво ќе се третираат приоритетните патишта од прв ред, а потоа сите останати, доколку во меѓувреме не се утврди друг приоритет заради воспоставување на нормален тек на сообраќајот.

Доколку снегот на коловозот е над 10cm се пријдува кон чистење на истиот со возила со снежни плугови, гредери, а доколку се појави потреба се вклучуваат специјални машини како што се ИЦБ, товарувачи и други специјални возила кои користат гумени тркала.

Чистењето на тротоарите на улиците на места каде што нема деловни објекти и индивидуални станбени објекти ќе го врши ЈКП „Комуналец“ Демир Хисар или избраното претпријатие, додека останатите површини по тротоарите и сообраќајниците должни се според комуналниот ред чистењето да го извршуваат физичките лица односно правните субјекти.

**Начин на извршување**

Пред отпочнување на дејства на чистење на снегот од коловозите, овластеното лице за спроведување на Оперативната програма за организирање и функционирање на зимската служба на подрачјето на Општина Демир Хисар во сезоната 2020/2021 година, ќе го извести Секторот за сообраќај при МВР Демир Хисар за отпочнување на активностите и за потребите на регулирање на сообраќајот во зимски услови. Ова го напоменуваме од причини што ќе има потреба од поминување на специјалните возила како и потреба од поминување на истите со поголема брзина од дозволената со цел поефикасно чистење на снегот. Во вакви случаи потребно е екипите од сообраќајната полиција да воспостават поинаков режим на сообраќајот, односно некои улици да се затворат т.е. да се пренасочи сообраќајот или да се воспостави сообраќај во еден правец заради поефикасно и побрзо отстранување на снегот од коловозите.

Средствата за чистење на снегот ги обезбедува Општина Демир Хисар согласно **Годишната програма за изградба, реконструкција и одржување на општинските патишта и улици.** Доколку има потреба за повеќе пати чистење на снег на патиштата од оваа Програма потребно е да се обезбедат дополнителни средства со помош на Советот на општината.

Надзор над состојбата на патиштата и следење на извршувањето на оваа програма го врши лицето назначено од Градоначалникот на Општина Демир Хисар.

Бр. 17-868/7 Совет на Општина Демир Хисар
30.09.2020 година Претседател,
Демир Хисар Благоја Станојоски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр. 5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на општина Демир Хисар /,,Службен гласник на општина Демир Хисар,, бр. 3/02, 4/05, 7/09, 16/13, 18/14 и 10/19 година/, донесувам

**ЗАКЛУЧОК**
**за објавување на Одлуката за вклопување на бесправно изграден објект во идна урбанистичко планска документација**

1.Ја објавувам Одлуката за вклопување на бесправно изграден објект во идна урбанистичко планска документација на КП бр.1961 КО Вардино по барање на Борче Дуноски ул.Апостол Гусларот бр.15 Скопје, донесена на 42-рата седница на Совет на Општина Демир Хисар одржана на 30.09.2020 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

Бр.08- 913/5 Општина Демир Хисар
02.10.2020 година Градоначалник
Демир Хисар Марјанче Стојановски с.р.

Врз основа на член 8од Законот за постапување со со бесправно игradени објекти, (Сл. Весник на РМ бр. 23/2011, 54/2011, 155/2012, 72/2013, 44/2014, 115/2014, 124/2015, 217/2015 и 190/2017) Правилникот за стандарди за вклопување на бесправни објекти во Урбанистичко планска документација (Сл. Весник на РМ бе. 56/2011), член 22 став 1 точка 1 и точка 2од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр.5/02), член 15 и член 43 од Статутот на Општина Демир Хисар (Сл.гласник на Општина Демир Хисар бр. 3/2002год.), Советот на Општина Демир Хисар на седницата одржана на ден 30.09.2020год. донесе

**ОДЛУКА**
*За вклопување на бесправно изграден објект во идна урбанистичко планска документација*

**Член 1**

Се донесува Одлука за вклопување на бесправно изграден индивидуален станбен објект во идната планска документација, на КП бр. 1961, КО Вардино, по барање за утврдување статус на бесправно изграден објект наБорче Дуноски, ул.„Апостол Гусларот“ бр.15, Скопје.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар

Бр. 17-868/8 Совет на Општина Демир Хисар
30.09.2020 година Претседател,
Демир Хисар Благоја Станојоски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр. 5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на општина Демир Хисар /,,Службен гласник на општина Демир Хисар,, бр. 3/02, 4/05, 7/09, 16/13, 18/14 и 10/19 година/, донесувам

**ЗАКЛУЧОК**
**за објавување на Одлуката за измени и дополнување на Програмата за донесување на урбанистички планови за Општина Демир Хисар за 2020 година**

1.Ја објавувам Одлуката за измени и дополнување на Програмата за донесување на урбанистички планови за Општина Демир Хисар за 2020 година, донесена на 42-рата седница на Совет на Општина Демир Хисар одржана на 30.09.2020 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

Бр.08- 913/6 Општина Демир Хисар
02.10.2020 година Градоначалник
Демир Хисар Марјанче Стојановски с.р.

Врз основа на член 40, Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл.весник на РМ бр. 62/2020), Советот на Општина Демир Хисар на седницата одржана на ден 30.09.2020 год. донесе

**О Д Л У К А**
***За изменување и дополнување на ПРОГРАМАТА за донесување на урбанистичките планови за Општина Демир Хисар за 2020год.***

**Член 1**

Во членот 1, во глава VIII, се додаваат една нова точка која се однесува на Законот за постапување со бесправно изградени објекти и тоа:

Се донесува Одлука за вклопување на бесправно изграден индивидуален станбен објект во идната планска документација, на КП бр. 1961, КО Вардино, по барање за утврдување статус на бесправно изграден објект на Борче Дуноски, ул.„Апостол Гусларот“ бр.15, Скопје.

**Член 2**

Измените на Програмата за урбанистички планови за 2020год. за општина Демир Хисар влегуваат во сила со денот на донесување, а ке се објави во Службен весник на Општина Демир Хисар.

Бр. 17-868/9 Совет на Општина Демир Хисар
30.09.2020 година Претседател,
Демир Хисар Благоја Станојоски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /„ Службен весник на РМ„ бр. 5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на општина Демир Хисар /„Службен гласник на општина Демир Хисар„ бр. 3/02, 4/05, 7/09, 16/13, 18/14 и 10/19 година/, донесувам

**ЗАКЛУЧОК**
**за објавување на Заклучокот за усвојување на Годишен извештај за работа на СОУ „Крсте П. Мисирков“ Демир Хисар за учебната 2019/2020 година**

1.Го објавувам Заклучокот за усвојување на Годишен извештај за работа на СОУ „Крсте П. Мисирков“ Демир Хисар за учебната 2019/2020 година, донесен на 42-рата седница на Совет на Општина Демир Хисар одржана на 30.09.2020 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

Бр.08- 913/7 Општина Демир Хисар
02.10.2020 година Градоначалник
Демир Хисар Марјанче Стојановски с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа /„Службен весник на РМ“ бр. 5/02/ и член 43 став 1 точка 9 од Статутот на Општина Демир Хисар /„Службен гласник на Општина Демир Хисар“бр.3/02, 4/05, 7/09, 16/13, 18/14 и 10/19/ Советот на Општина Демир Хисар на седницата одржана на 30.09.2020 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За усвојување на Годишен извештај за работа на СОУ „Крсте П. Мисирков“ Демир Хисар за учебната 2019/ 2020 година**

1.СЕ УСВОЈУВА Годишниот извештај за работа на СОУ „Крсте П. Мисирков„ Демир Хисар за учебната 2019/ 2020 година бр. 02-240/2 од 31.08.2020 година, усвоен од Училишен одбор со Одлука бр.02-240/6 од 31.08.2020 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

Бр. 17-868/10 Совет на Општина Демир Хисар
30.09.2020 година Претседател,
Демир Хисар Благоја Станојоски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /„ Службен весник на РМ„ бр. 5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на општина Демир Хисар /„Службен гласник на општина Демир Хисар„ бр. 3/02, 4/05, 7/09, 16/13, 18/14 и 10/19 година/, донесувам

**ЗАКЛУЧОК**
**за објавување на Заклучокот за усвојување на Годишна Програма за работа на СОУ „Крсте П. Мисирков“ Демир Хисар за учебната 2020/2021 година**

1.Го објавувам Заклучокот за усвојување на Годишна Програма за работа на СОУ „Крсте П. Мисирков“ Демир Хисар за учебната 2020/2021 година, донесен на 42-рата седница на Совет на Општина Демир Хисар одржана на 30.09.2020 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

Бр.08- 913/8 Општина Демир Хисар
02.10.2020 година Градоначалник
Демир Хисар Марјанче Стојановски с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локална самоуправа /„Службен весник на РМ“ бр. 5/02/ и член 43 став 1 точка 6 од Статутот на Општина Демир Хисар /„Службен гласник на Општина Демир Хисар“бр.3/02, 4/05, 7/09, 16/13, 18/14 и 10/19/ Советот на

Општина Демир Хисар на седницата одржана на 30.09.2020 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За усвојување на Годишна Програма за работа на СОУ „Крсте П. Мисирков“ Демир Хисар за учебната 2020/ 2021 година**

1.СЕ УСВОЈУВА Годишната Програма за работа на СОУ „Крсте П. Мисирков„ Демир Хисар за учебната 2020/ 2021 година бр. 02-240/3 од 31.08.2020 година, усвоена од Училишен одбор со Одлука бр. 02-240/7 од 31.08.2020 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

Бр. 17-868/11Совет на Општина Демир Хисар
30.09.2020 година Претседател,
Демир Хисар Благоја Станојоски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр. 5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на општина Демир Хисар /,,Службен гласник на општина Демир Хисар,, бр. 3/02, 4/05, 7/09, 16/13, 18/14 и 10/19 година/, донесувам

**ЗАКЛУЧОК**
**за објавување на Согласност за формирање на паралелки со помал број на ученици од 25 во СОУ „Крсте П. Мисирков“ Демир Хисар**

1.Ја објавувам Согласноста за формирање на паралелки со помал број на ученици од 25 во СОУ „Крсте П. Мисирков“ Демир Хисар за учебната 2020/2021 година, донесена на 42-рата седница на Совет на Општина Демир Хисар одржана на 30.09.2020 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

Бр.08- 913/9 Општина Демир Хисар
02.10.2020 година Градоначалник
Демир Хисар Марјанче Стојановски с.р.

Врз основа на член 28 од Законот за средно образование (Службен весник на РМ број 44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/2002, 40/2003, 42/2003 ,67/2004, 55/2005, 113/2005, 35/2006, 30/2007, 49/2007,81 /2008, 92/2008, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11 ,51/2011, 6/2012, 100/2012, 24/2013, 4120/14, 116/2014, 135/2014, 10/15, 98/2015, 145/2015, 30/2016, 127/2016, 67/2017, 64/18) и согласно член 43 став 1 точка 20 од Статутот на општина Демир Хисар (,,Службен гласник на општина Демир Хисар бр. 3/02,4/05, 7/09,16/13 и 18/14) Советот на општина Демир Хисар дава

**С О Г Л А С Н О С Т**

**За формирање на паралелки со помал број на ученици од 25**

1.На СОУ,,Крсте П.Мисирков,, Демир Хисар му се дава согласност за формирање на паралелки со помал број на ученици од 25 за учебната 2020/2021 година

2.Паралелките да бидат формирани согласно доставеното барање од страна на училиштето и прегледот што е во прилог на оваа согласност.

3.Паралелките за кои се дава согласност се финансирани паралелки, претставуваат старо финансирање.

**О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е**

СОУ,, Крсте П.Мисирков,,Демир Хисар до Советот на општина Демир Хисар поднесе Барање број 03 - 310/1 од 18.09.2020 година за работа на паралелки со помал број на ученици од 25.

Согласно законските надлежности Советот на Општина Демир Хисар разгледувајќи го поднесеното барање дава согласност за работа на паралелките како што се наведени во приложениот преглед.

Бр. 17-868/12 Совет на Општина Демир Хисар
30.09.2020 година Претседател,
Демир Хисар Благоја Станојоски с.р.

**П Р Е Г Л Е Д**

**на дадена согласност за формирање на паралелки со помал број на ученици од 25 во СОУ,,Крсте П.Мисирков,,Демир Хисар за учебна 2020/2021 година**

| Општина | Средно училиште | наставен јазик | I година (3,19,4) | | II година (10,10,6) | | III година (14,8,14) | | IV година (19,15,5) | | ВКУПНО I-IV | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | ученици | парален-ки | ученици | парален-ки | ученици | парален-ки | ученици | парален-ки | ученици | парален-ки |
| Демир Хисар | Крсте Петков Мисирков | македонски јазик | 26 | 3 | 26 | 3 | 36 | 3 | 39 | 3 | 127 | 12 |
| | | ВКУПНО | 26 | 3 | 26 | 3 | 36 | 3 | 39 | 3 | 127 | 12 |

| Општина | Средно училиште | гимназиско образование | I година | | II година | | III година | | IV година | | ВКУПНО I-IV | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | ученици | парален-ки | ученици | парален-ки | ученици | парален-ки | ученици | парален-ки | ученици | парален-ки |
| Демир Хисар | Крсте Петков Мисирков | македонски јазик | *3* | *1* | *20(10,10)* | 2 | *22 (14,8)* | 2 | *34 (19,15)* | 2 | 79 | 7 |
| | | ВКУПНО | 3 | 1 | 20 | 2 | 22 | 2 | 34 | 2 | 79 | 7 |

| Општина | Средно училиште | стручно образование шумарска струка | I година | | II година | | III година | | IV година | | ВКУПНО I-IV | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | ученици | парален-ки | ученици | парален-ки | ученици | парален-ки | ученици | парален-ки | ученици | парален-ки |
| Демир Хисар | Крсте Петков Мисирков | македонски јазик | *4* | *1* | *6* | *1* | *14* | *1* | *5* | *1* | 29 | 4 |
| | | ВКУПНО | 4 | 1 | 6 | 1 | 14 | 1 | 5 | 1 | 29 | 4 |

| Општина | Средно училиште | стручно образование електротехничка струка | I година | |
|---|---|---|---|---|
| | | | ученици | парален-ки |
| Демир Хисар | Крсте Петков Мисирков | македонски јазик | *19* | *1* |
| | | ВКУПНО | 19 | 1 |

СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕМИР ХИСАР

ПРЕТСЕДАТЕЛ

Благоја Станојоски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр. 5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на општина Демир Хисар /,,Службен гласник на општина Демир Хисар,, бр. 3/02, 4/05, 7/09, 16/13, 18/14 и 10/19 година/, донесувам

**ЗАКЛУЧОК**
**за објавување на Заклучокот за усвојување на Годишен извештај за работа на ЈОУДГ „Втори Септември“ Демир Хисар за период од август 2019/август 2020 година**

1.Го објавувам Заклучокот за усвојување на Годишен извештај за работа на ЈОУДГ „Втори Септември“ Демир Хисар за период од август 2019/ август 2020 година, донесен на 42-рата седница на Совет на Општина Демир Хисар одржана на 30.09.2020 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

Бр.08- 913/10 Општина Демир Хисар
02.10.2020 година Градоначалник
Демир Хисар Марјанче Стојановски с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа /„Службен весник на РМ“ бр. 5/02/ и член 43 став 1 точка 9 од Статутот на Општина Демир Хисар /„Службен гласник на Општина Демир Хисар“бр.3/02, 4/05, 7/09, 16/13, 18/14 и 10/19/ Советот на Општина Демир Хисар на седницата одржана на 30.09.2020 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За усвојување на Годишен извештај за работа на ЈОУДГ „Втори Септември“ Демир Хисар за период август 2019/август 2020 година**

1.СЕ УСВОЈУВА Годишниот извештај за работа на ЈОУДГ „Втори Септември„ Демир Хисар за период август 2019/ август 2020 година бр. 01-58/1 од 14.09.2020 година,.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

Бр. 17-868/13 Совет на Општина Демир Хисар
30.09.2020 година Претседател,
Демир Хисар Благоја Станојоски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр. 5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на општина Демир Хисар /,,Службен гласник на општина Демир Хисар,, бр. 3/02, 4/05, 7/09, 16/13, 18/14 и 10/19 година/, донесувам

**ЗАКЛУЧОК**
**за објавување на Заклучокот за усвојување на Годишна Програма за работа на ЈОУДГ „Втори Септември“ Демир Хисар за 2020/2021 година**

1.Го објавувам Заклучокот за усвојување на Годишна Програма за работа на ЈОУДГ „Втори Септември“ Демир Хисар за 2020/2021 година, донесен на 42-рата седница на Совет на Општина Демир Хисар одржана на 30.09.2020 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

Бр.08- 913/11 Општина Демир Хисар
02.10.2020 година Градоначалник
Демир Хисар Марјанче Стојановски с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локална самоуправа /„Службен весник на РМ“ бр. 5/02/ и член 43 став 1 точка 6 од Статутот на Општина Демир Хисар /„Службен гласник на Општина Демир Хисар“бр.3/02, 4/05, 7/09, 16/13, 18/14 и 10/19/ Советот на Општина Демир Хисар на седницата одржана на 30.09.2020 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**За усвојување на Годишна програма за работа на ЈОУДГ „Втори Септември“ Демир Хисар за 2020/2021 година**

1.СЕ УСВОЈУВА Годишната програма за работа на ЈОУДГ „Втори Септември„ Демир Хисар за 2020/2021 година бр. 01-58/2 од 14.09.2020 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

Бр. 17-868/14 Совет на Општина Демир Хисар
30.09.2020 година Претседател,
Демир Хисар Благоја Станојоски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр. 5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на општина Демир Хисар /,,Службен гласник на општина Демир Хисар,, бр. 3/02, 4/05, 7/09, 16/13, 18/14 и 10/19 година/, донесувам

**ЗАКЛУЧОК**
**за објавување на Решение за давање согласност на Правилникот за составот и начинот на работа на Комисијата за прием на деца и утврдување на критериуми за прием на деца во ЈОУДГ „Втори Септември“ Демир Хисар**

1.Го објавувам Решението давање согласност на Правилникот за составот и начинот на работа на Комисијата за прием на деца и утврдување на критериуми за прием на деца во ЈОУДГ „Втори Септември“ Демир Хисар, донесено на 42-рата седница на Совет на Општина Демир Хисар одржана на 30.09.2020 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

Бр.08- 913/12 Општина Демир Хисар
02.10.2020 година Градоначалник
Демир Хисар Марјанче Стојановски с.р.

Врз основа на член 64 став 5 од Законот за заштита на децата ("Службен весник на Република Македонија" бр. 23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17 и 21/18 година) и член 94 од Статутот на Општина Демир Хисар ("Службен гласник на Општина Демир Хисар" бр. 3/02, 4/05, 7/09/, 16/13, 18/14 и 10/19), Советот на Општина Демир Хисар на седницата одржана на --.09.2020 година, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**За давање С О Г Л А С Н О С Т**
**на Правилникот за составот и начинот на работа на Комисијата за прием на деца и утврдување на критериуми за прием на деца во ЈОУДГ "Втори Септември" Демир Хисар**

1. Со ова Решение се дава согласност на Правилникот за составот и начинот на работа на Комисијата за прием на деца и утврдување на критериоуми за прием на деца во ЈОУДГ "Втори Септември" Демир Хисар бр.01-60/1 од 14.09.2020 година донесен од Управен одбор на ЈОУДГ „Втори Септември" Демир Хисар.

2. Решението за давање Согласност на Правилникот за составот и начинот на работа на Комисијата за прием на деца и утврдување на критериоуми за прием на деца во ЈОУДГ "Втори Септември" Демир Хисар е составен дел на Правилникот, и ќе биде објавено во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

Бр. 17-868/15 Совет на Општина Демир Хисар
30.09.2020 година Претседател,
Демир Хисар Благоја Станојоски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр. 5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на општина Демир Хисар /,,Службен гласник на општина Демир Хисар,, бр. 3/02, 4/05, 7/09, 16/13, 18/14 и 10/19 година/, донесувам

**ЗАКЛУЧОК**
**за објавување на Решение за разрешување и именување на член во Управен одбор во ЈОУДГ „Втори Септември" Демир Хисар**

1.Го објавувам Решението за разрешување и именување на член во Управен одбор во ЈОУДГ „Втори Септември" Демир Хисар, донесено на 42-рата седница на Совет на Општина Демир Хисар одржана на 30.09.2020 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

Бр.08- 913/13 Општина Демир Хисар
02.10.2020 година Градоначалник
Демир Хисар Марјанче Стојановски с.р.

Врз основа на член 114 став 17 од Законот за заштита на децата ("Службен весник на Република Македонија" бр. 23/13 година) и член 94 од Статутот на Општина Демир Хисар ("Службен гласник на Општина Демир Хисар" бр. 3/02, 4/05, 7/09/, 16/13, 18/14 и 10/19), Советот на Општина Демир Хисар на седницата одржана на 30.09.2020 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за разрешување и именување на член на Управен одбор во ЈОУДГ "Втори Септември" Демир Хисар**

1. Со ова Решение се разрешува Сандра Пејковска од членот во Управен одбор во ЈОУДГ "Втори Септември" Демир Хисар.

2.За член во Управен одбор во ЈОУДГ „Втори Септември" Демир Хисар се именува Елена Ристевска.

2. Решението влегува во со денот на објавување во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

ЈОУДГ "Втори Септември" Демир Хисар достави барање бр. 03-63/1 од 14.09.2020 година до Советот на Општина Демир Хисар за разрешување Сандра Пејковска од член од Управен одбор на ЈОУДГ "Втори Септември" Демир Хисар, бидејќи не е повеќе член на Совет на родители и нема право повеќе да биде член на УО. Согласно наведеното барање, известени бевме дека Советот на родители при ЈОУДГ "Втори Септември" Демир Хисар за член во Управен одбор од редот на родителите на децата ја предлага Елена Ристевска. Согласно член 114 став 17 од Законот за заштита на децата ("Службен весник на Република Македонија" бр. 23/13 година) се одлучи како во диспозитивот на решението.

Доставено до:
- архивата на Општината,
- ЈОУДГ "Втори Септември" Демир Хисар и
- именуваните.

Бр. 17-868/16 Совет на Општина Демир Хисар
30.09.2020 година Претседател,
Демир Хисар Благоја Станојоски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр. 5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на општина Демир Хисар /,,Службен гласник на општина Демир Хисар,, бр. 3/02, 4/05, 7/09, 16/13, 18/14 и 10/19 година/, донесувам

**ЗАКЛУЧОК**
**за објавување на Решение за давање согласност за зголемен односно намален број на деца организирани во групи во ЈОУДГ „Втори Септември" Демир Хисар**

1.Го објавувам Решението за давање согласност за зголемен односно намален број на деца организирано во групи во ЈОУДГ „Втори Септември" Демир Хисар, донесено на 42-рата седница на Совет на Општина Демир Хисар одржана на 30.09.2020 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

Бр.08- 913/14 Општина Демир Хисар
02.10.2020 година Градоначалник
Демир Хисар Марјанче Стојановски с.р.

Врз основа на член 64 став 5 од Законот за заштита на децата ("Службен весник на Република Македонија" бр. 23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17 и 21/18 година) и член 94 од Статутот на Општина Демир Хисар ("Службен гласник на Општина Демир Хисар" бр. 3/02, 4/05, 7/09/, 16/13, 18/14 и 10/19), Советот на Општина Демир Хисар на седницата одржана на 30.09.2020 година, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**За давање С О Г Л А С Н О С Т**
**за зголемен, односно намален број на деца организирани во групи во ЈОУДГ "Втори Септември" Демир Хисар за 2020/2021 година**

1. Со ова Решение се дава согласност на Одлуката за зголемен, односно намален број на деца организирани во групи во ЈОУДГ "Втори Септември" Демир Хисар за 2020/2021 година бр.02-59/1 од 14.09.2020 година донесена од Управен одбор на ЈОУДГ „Втори Септември" Демир Хисар.

2. Решението за давање Согласност на Одлуката за зголемен, односно намален број на деца организирани во групи во ЈОУДГ "Втори Септември" Демир Хисар за 2020/2021 година е

составен дел на Одлуката, а ќе биде објавено во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

Бр. 17-868/17 Совет на Општина Демир Хисар
30.09.2020 година Претседател,
Демир Хисар Благоја Станојоски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр. 5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на општина Демир Хисар /,,Службен гласник на општина Демир Хисар,, бр. 3/02, 4/05, 7/09, 16/13, 18/14 и 10/19 година/, донесувам

**ЗАКЛУЧОК**
**за објавување на Одлука за одобрување на финансиски средства на ЈКП „Комуналец“ Демир Хисар**

1.Ја објавувам Одлуката за одобрување на финансиски средства на ЈКП „Комуналец“ Демир Хисар, донесено на 42-рата седница на Совет на Општина Демир Хисар одржана на 30.09.2020 година.

Бр.08- 913/15 Општина Демир Хисар
02.10.2020 година Градоначалник
Демир Хисар Марјанче Стојановски с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 10 , член 62став 1 од Законот за локалнатасамоуправа (“Службен весник на Република Македонија“, бр. 05/2002)и член 43 став 1 точка 42 од Статутот на Општина Демир Хисар (“Службен гласник на Општина Демир Хисар”бр.03/02, 04/05, 07/09, 16/13, 18/14 и 10/19), а по барање за надомест на средства за заштита од корона вирус КОВИД 19 поднесено од ЈКП „Комуналец“ Демир Хисар 0302-263 од 21.08.2020 година, Советот на Општина Демир Хисар донесе

**О Д Л У К А**
одобрување на финансиски средства

1.Со оваа Одлука се одобруваат финансиски средства на ЈКП „Комуналец“ Демир Хисар по доставено Барање за надоместок на средствата за заштита од корона вирус КОВИД 19 бр. 0302-263 од 21.08.2020 година за покривање на зголемени трошоци заради активности поточно дезинфекција на јавни површини стамбени единици во периодот од 03/2020 до 06/2020 година.

2.Советот на Општина Демир Хисар одобри финансиската помош на ЈКП „Комуналец“ Демир Хисар по доставеното Барање за надоместок на средствата за заштита од корона вирус КОВИД 19.

3.Оваа Одлука влегува во сила со осмиот ден од донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

Бр. 17-868/18 Совет на Општина Демир Хисар
30.09.2020 година Претседател,
Демир Хисар Благоја Станојоски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр. 5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на општина Демир Хисар /,,Службен гласник на општина Демир Хисар,, бр. 3/02, 4/05, 7/09, 16/13, 18/14 и 10/19 година/, донесувам

**ЗАКЛУЧОК**
**за објавување на Заклучок по Барање на ЈКП „Комуналец“ Демир Хисар**

1.Го објавувам Заклучокот по Барањето за дислокација на канализациона мрежа поднесено од ЈКП „Комуналец“ Демир Хисар, донесено на 42-рата седница на Совет на Општина Демир Хисар одржана на 30.09.2020 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

Бр.08- 913/16 Општина Демир Хисар
02.10.2020 година Градоначалник
Демир Хисар Марјанче Стојановски с.р.

Врз основа на член 92 став 1 од Статутот на Општина Демир Хисар (“Службен гласник на Општина Демир Хисар”бр.03/02, 04/05, 07/09, 16/13, 18/14 и 10/19), Расправајќи по Барање-известување за дислокација на канализациона мрежа бр. 17-865/1 од 21.09.2020 година, Советот на општина Демир Хисар на седницата одржана на 30.09.2020 година донесе

ЗАКЛУЧОК

1.Советот на Општина Демир Хисар на 42-рата седница одржана на 30.09.2020 година го разгледа Барањето за дислокација на канализациона мрежа поднесено од ЈКП „Комуналец“ Демир Хисар и предложи

надлежните да изготви проект за дислокација на канализациона мрежа.

2. ЈКП „Комуналец“ Демир Хисар поднесе Барање до Советот на општина Демир Хисар со кое го известува дека се соочуваат со проблем со канализациона мрежа на која има поставени објекти, која на повеќе наврати се запушува и прави проблеми. Заради решавање на овај проблем потребно е да се изготви проект за дислокација.

3.Заклучокот ќе се објави во службен гласник на општина Демир Хисар.

Бр. 17-868/19 Совет на Општина Демир Хисар
30.09.2020 година Претседател,
Демир Хисар Благоја Станојоски с.р.

-----------------------------------------------------------

СОДРЖИНА

1. Одлука за усвојување на Елаборат за процена и утврдување на висина на штетата настаната од природна непогода –град, што ја зафати општина Демир Хисар во атарот на селата Сопотница, Прибилци и Ракитница во август 2020 година---------------------------------------------1
2. Согласност за формирање на чисти паралелки за учебната 2020/2021 година во ООУ „Браќа Миладиновци“ с.Жван----------------2
3. Заклучок за усвојување на Извештај за реализација на Оперативната програма за организирање и функционирање на зимската служба на подрачјето на општина Демир Хисар за 2019/2020 година-------------------------------2-3
4. Оперативната програма за организирање и функционирање на зимската служба на подрачјето на општина Демир Хисар за 2020/2021 година----------------------------------3-6
5. Одлука за вклопување на бесправно изграден објект во идна урбанистичко планска документација по барање на Борче Дуновски ул.Апостол Гусларот бр.15 Скопје--------------6
6. Одлука за измени и дополнување на Програмата за УП на општина Демир Хисар за 2020 година-------------------------------------------6-7
7. Заклучок за усвојување на Годишен извештај на СОУ „Крсте П. Мисирков“ Демир Хисар за учебната 2019/2020 година-----------------------7
8. Заклучок за усвојување на Годишна програма на СОУ „Крсте П. Мисирков“ Демир Хисар за учебната 2020/2021 година------------------------7-8
9. Согласност за формирање на паралелки со помал број на ученици во СОУ „Крсте П. Мисирков“ Демир Хисар за 2020/2021 година-8
10. Заклучок за усвојување на Годишен извештај на ЈОУДГ „Втори Септември“ Демир Хисар за период август 2019/2020 година--------------------9
11. Заклучок за усвојување на Годишна програма на ЈОУДГ „Втори Септември“ Демир Хисар за 2020/2021 година---------------------9-10
12. Решение за давање согласност на Правилникот за составот и начинот на работа на Комисијата за прием на деца и утврдување на критериуми за прием на деца во ЈОУДГ „Втори Септември“ Демир Хисар----------------------------10
13. Решение за разрешување и именување на член во Управен одбор на ЈОУДГ „Втори Септември“ Демир Хисар----------------------------11
14. Решение за давање согласност на Одлуката за зголемен односно намален број на деца организирани во групи во ЈОУДГ „Втори Септември“ Демир Хисар за 2020/2021 година-11-12
15. Одлука за одобрување финансиски средсва за надоместок на средства за заштита од корона вирус КОВИД 19 поднесено од ЈКП „Комуналец“ Демир Хисар-----------------------12
16. Заклучок по барање за дислокација на канализационата мрежа кај Градскиот пазар во Демир Хисар----------------------------------------12-13

**Општина Демир Хисар, ул. Битолска бр.8**

**тел. 047/552-661**

**Градоначалник**
**Марјанче Стојановски**

**Компјутерска обработка**
**Виолета Пајковска**